Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-804/3

Датум: 16.10.2020

ДО

Република Северна Македонија

( @gmail.com)

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитуван г-ѓа Кадриеска,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-804/2 од 15.10.2020 година, кое Ви е доставено во прилог на овој Одговор.

Во тој контекст Ве известуваме дека, до моментот на изготвување на овој Одговор на Вашето Барање:

1. Инспекцискиот совет нема законски пропишана обврска, ниту пак надлежност да има увид во вкупниот број на вработени административни службеници во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа. Заради наведеното, Инспекцискиот совет **не е во можност да Ви одговори на првиот дел од Вашето Барање информација од јавен карактер, што се однесува на бројот на вкупно вработените во Државниот пазарен инспекторат и во Државниот инспекторат за животна средина.**

2. Инспекцискиот совет, согласно законски пропишаната обврска со член 18, став 18 („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019), а во врска со член 11 став 1, точка 4 од Правилникот за формата и содржината на регистрите, како и начинот на воспоставување, користење и содржината на информацискиот систем за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 271/2019), покрај останатото воспоставува и одржува Регистар на инспектори вработени во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа. Со оглед на наведеното, на веб-страната на Инспекцискиот совет (www.is.gov.mk), покрај останатите, јавно се објавени Регистрите на инспектори на Државниот пазарен инспекторат и на Државниот инспекторат за животна средина. Последното значи дека

во секое време може да извршите увид во Регистрите што се предмет на интерес и во Вашето Барање информации од јавен карактер.

3. Напоменуваме дека, објавените Регистри на инспектори на веб-страната на Инспекцискиот совет, во моментов се во постапка на ажурирање, поради што можеме да Ви одговориме дека, според последната евиденција со којашто Инспекцискиот совет располага во моментот, а којашто не е дефинитивна затоа што е во фаза на обработка, е дека во Државниот пазарен инспекторат има вкупно 121 вработени лица со звање инспектор, односно дека во Државниот инспекторат за животна средина има вкупно 19 вработени лица со звање инспектор.

Имајќи го во предвид наведеното, напоменуваме дека за сите останати, поконкретни податоци и информации од јавен карактер можете непосредно и директно да се упатите во Државниот пазарен инспекторат и во Државниот инспекторат за животна средина, коишто се посебни и самостојни правни субјекти. Исто така Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

Даниела Рендевска
Генерален секретар

Подготвил: Елизабета Кучера, советник
Контролирал: Маја Срезоска, раководител на Одделение